# ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**ИЗВЕШТАЈ**

# ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ НА УСПЕШНОСТА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА



**Делчево, август 2023 година**

***СОДРЖИНА***

**КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ**

**1. Општ контекст**

**2. Резиме на индикаторите на успешност**

**СТОЛБ 1: ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА БУЏЕТОТ**

PI-1. Реализација на вкупни расходи

PI-2. Реализација на составот на расходите

PI-3. Реализација на приходите

**СТОЛБ 2: ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ**

PI-5. Буџетска документација

**СТОЛБ 3: УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА И ОБВРСКИ**

PI-12. Управување со јавни средства

PI-13. Управување со долг

**СТОЛБ 4. ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И БУЏЕТИРАЊЕ БАЗИРАНО НА ПОЛИТИКИ**

PI-14. Макроекономско и фискално предвидување

PI-17. Процес на подготовка на буџетот

**СТОЛБ 5. Предвидливост и контрола на извршувањето на буџетот**

PI-19. Администрирање на локалните даноци

PI-20. Сметководствена евиденција за приходи

PI-23. Контроли на платен список

PI-24. Јавни набавки

**СТОЛБ 6: Сметководствено евидентирање и известување**

PI-28. Извештаи за буџетот во рамки на годината

PI-29. Годишни финансиски извештаи

Анекс 1: Временска рамка за спроведување на акциски план на мерки за подобрување

Анекс 2: Пресметки за PI-1, PI-2 и PI-3

Анекс 3: Вработени лица од општината кои учествуваа во процесот на самопроценка

Анекс 4: Извори на информации користени за извлекување на докази за оценување на секој од индикаторите

Анекс 5: Табела за конверзија на оценките за индикаторот со примена на методот на просек M2(AV)

## КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **УЈФ** | **УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ** |
| **ПРОЕКТ НА УСАИД** | Проект на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите |
| **PI** | Индикатор на успешност |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **ЕСПЕО** | Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски |
| **М1** | Метод на оценување 1 |
| **М2** | Метод на оценување 2 |
| **WL** | Метод на најслаба алка |
| **AV** | Метод на просек |
| **N/A** | Не е применливо |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДКЖЈН** | Државната комисија по жалби по јавни набавки и заштита на законитоста во постапките за јавни набавки |

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Процесот на управување со финансиите на единиците на локалната самоуправа е можне комплексен и изискува потреба од јакнење на капацитетите за управување на локално ниво, паралелно поткрепени со добра законска регулатива. Изградбата на добар и функционален систем на управување со локалните финансии е една од најважните работи во процесот на децентрализацијата и воопшто во реформата на системот на локалната самоуправа. Добриот локален финансиски менаџмент е основа за воспоставување одржлив локален економски развој.

Во "*Извештајот за самооценување на управувањето со јавните финансии во Општина Делчево за 2022 година*" се презентирани наодите од спроведеното самооценување во однос на управувањето со јавните финансии во Општина Делчево, реализирано од страна на општинската администрација од сектор финансии. Овој извештај е направен согласно *Прирачникот за самооценување на успешноста во управувањето на јавните финансии од страна на ЕЛС во РСМ*, подготвен во рамки на *"Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" врз основа на PEFA*[1] *методологијата за оценување на успешноста на управувањето со јавните финансии.*

Извештајот претставува преглед на системот на УЈФ на Општина Делчево и мерење базирано на докази според 14 индикатори за успешност врз основа на воспоставените процеси и практики. Во него се презентирани наодите од извршената проценка и дадените мерки за подобрување на УЈФ.

Со проценката се опфатени 2020, 2021 и 2022 година како последни три завршени фискални години. Финансиските извештаи кои се разгледувани за потребите на ова оценување, не се ревидирани од страна на Државниот завод за ревизија (ДЗР).

---

[1] www.pefa.org

Согласно Методологијата за мерење на успешноста во УЈФ, во сите индикатори се исклучуват приходите од кредити, вишокот на приходи од претходната година и расходите за отплата на главница по кредит. Доколку во годините кои се предмет на оценување има расходи од кредити се вклучуваат во калкулациите. Во периодот на оценката Општина Делчево има приходи и расходи од кредитирање.

Целта на извештајот е да се добие целосна слика за квалитетот и успешноста на системот за УЈФ, фокусирајќи се на планирањето и извршувањето на приходите и расходите во буџетскиот систем на Општина Делчево, а во насока на креирање акциски план за воспоставување на одржливи буџетски реформи во општината.

Процесот на УЈФ е исправен пред низа предизвиди кои можат да се сублимираат во неколку генерални активности кои мора да се имплементираат со цел да се обезбеди ефикасно и економично испорачување на услугите на гражаните и засилен економски локален развој.

Со проценката се утврдени следните предности на системот на УЈФ во Општина Делчево:

- Информации за наплата на приходите се добиваат на дневна основа, расчленети по тип на приход и истите на дневна основа се вклучуваат во сметководствената евиденција.
- Воспоставен е ефиксаен ситем на управување со човечките ресурси, промените на платниот список се ажурираат најмалку на месечно ниво а ретроактивни прилагодувања се случуваат многу ретко.
- Јавните набавки се конкурентски и транспарентноста на набавките е задржана и во време на пандемијата преку порталот е-набавки.

Како детектирани “тесни грла” на системот на УЈФ во Општина Делчево се детектирани следните:

- Потреба од воведување алатки за евиденција и успешно управување со општинскиот долг и заостанатите доспеани обврски;

- Неажурирана база на податоци во општинската даночна евиденција;
- Непостоење на регистар на имот на општината ,на основни средства , земјиште, средства под земјиште вклучувајчи информации за нивната вредност и старост, што довесува до неефикасно користење и управување со средствата, како и определување на приоритетни капитални инвестиции;
- Нереално планирање на расходите по економска класификација во делот на трансферите и социјалните бенефиции, и нереално планирање на приходите во делот на даноците од доход, добивка и капитална добивка, даноците на имот и таксите на користење или дозволи за вршење дејност;
- Во процесот на буџетоирање не се прават среднорочни финансиски проекции за следните две години;
- Извештаите за извршување на буџетот и завршните сметки содржат нецелосни податоци и анализи.

# 1. ОПШТ КОНТЕКСТ

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10 км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница.




*Сл.1: Делчево на мапата на Република Северна Македонија*

Вкупниот број на население согласно проценката од 2018 година изнесува 15 987(Податоците кои се содржани во оваа стратегија се најново објавените од страна на ДЗС во периодот од 2018-2020 година, согласно ажурираноста) , а и понатаму мажите се во најголем процент во општината согласно половата структура.

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, најмногу доминира населението на возраст од 55 до 59 години, додека најмалку бројна е популацијата до деветгодишна возраст.

Во однос на миграциите согласно последните статистички процени на ДЗС во 2018 во Делчево има вкупно 44 доселени лица. Во истиот овој период во Делчево се отселени се вкупно 91 лице, меѓу нив има еден доктор на науки, четири магистри, 26 со високо и средно образование , 10 со основно, двајца со вишо образование, 5 со неотполно основно образование и двајца без образование. Отселените лица се најмногу од Македонската етничка заедница и

се мажи, додека просечната ворзаст на отселени лица е 20 години. Овие бројки укажуваат на отселување на генерално млада популација со исклучиво високо образование која како активна и работоспособна група најмногу може да придонесе за развој на општината. Со овие бројки миграционото салдо на општината изнесува -47. Како најчести прични за доселување се споменуваат семејни причини, стапување во брак, а најмалку поради работа. Додека

како причини за отселувањето на граѓаните се наведени стапувањето во брак и семејните причини.

| 2018 | Доселени | | | Отселени |
|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно |
| **Делчево** | 44 | 11 | 33 | 91 |

*Табела 1: Доселени и отселени лица во Делчево, извор ДЗС 2018*

Општина Делчево, според своите карактеристики спаѓа во групата на рурални општини. Двигатели на локалната економија во Општина Делчево се текстилните претпријатија за производство на кошули, ХТЗ опрема и друг вид на производи „Палтекс“, „Витекс“, „Крзно“, претпријатието за производство на фротир „Фротирка“ и „Фротекс“ ДООЕЛ, претпријатието од областа на дрвната индустрија за производство на фурнир и предмети од фурнир и производство на пелети „Алпин ком“ за производство на прехрамбени производи „Рудине“, каде отпаѓа и најголемиот дел на вработените во приватниот сектор. Години наназад, значаен дел во локалната економија отпаѓа на земјоделството и овоштарството. Во оваа гранка се вклучени најголем број на население во општината, како основна или повремена дејност. Општина Делчево во изминатите години вложи големи напори за промовирање на општината и изнаоѓање на инвеститори за развој на локалната економија. За таа цел се промовира и новата индустриска зона во градот Делчево, а нарасполагање се уште неколку објекти кои се нудат на потенцијални инвеститори. Заклучно со првото тромесечие од 2020 година, податоците на Подрачната единица на Агенцијата за вработување во Делчево, која воедно го опфаќа и работоспособното население во Македонска Каменица, ја покажува бројката од 1284 невработени лица, а во однос на полот таа бројка е речиси изедначена. По возраст, како невработени лица најмногу доминираат оние над 50 годишна возраст, додека бројката на најактивно население кое

најмногу може да има удел на локалната економија и се смета за најработоспособно (20-35 години) е околу 90 лица.

| 2020 | Вкупно невработени лица | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| **Делчево** | **1284** | **665** | **619** |

*Табела 2: Број на невработени лица во Делчево по пол, извор : АВРМ, април 2020*

Во поглед на образованието најголем дел од невработените се без образование или само со основно образование, после следуваат 380 лица со завршено средно, 88 со високо образование, а работа чекаат и 6 магистри. Според времето на чекање за вработување најбројни се лицата кои работа чекаат по околу 5 месеци, а после нив и оние кои чекаат до 2 години, дури 134 лица работа чекаат скоро седум години.

| 2020 | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 635 | 155 | 380 | 24 | 88 | 6 | 0 |

| 2020 | Под 1 месец | 1-5 месеци | 6-11 месеци | 12-17 месеци | 18-23 месеци | 2 години | 3 години | 4 години | 5-7 години | 8 години и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Делчево | 117 | 318 | 190 | 127 | 59 | 164 | 46 | 31 | 134 | 98 |

*Табела 3: Број на невработени лица во Делчево по време на чекање, Извор: АВРМ, април 2020*

Развиеноста на економијата во општината може да се анализира преку големината и економската моќ на претпријатијата кои се наоѓаат на оваа територија. Според податоците од Државниот завод за статистика, микро претпријатијата се најзастапени. Тие опфакаат 74.12% од вкупниот број на регистрирани претпријатија. Споредбено со нив, големите претпријатија се застапени со само три претпријатија. Претпријатијата кои се категоризирани како мали се втори најприсутни,опфакајќи 25,06% од вкупниот број регистрирани економски субјекти. Од ова може да извлечеме заклучок дека територијата на општината располага со слабо развиено стопанство.

Од производствените капацитети преовладуваат трговијата на големо и мало односно поправката на моторни возила со 162 претпријатија, по што следува преработувачката индустрија со 90. Речиси идентичен е бројот на субјекти кои

се занимаваат со земјоделски, угостителски и услужни дејности. Од областа на земјоделството има одлични услови за организирано производство на компир, пиперка, зелка, житни растенија. Во општината стратегиска култура е овоштарството во кој егзистенција бараат над 1000 домаќинства. Постои претпријатие за откуп и преработка на сливи, но има и пунктови на други претпријатија кои вршат откуп на слива. Општината има одлични услови за одгледување на ситен и крупен добиток, а млекото организирано го откупуваат млекари од регионот. Последните години изградени се 2 (два) рибника по текот на река "Звегорска"и „Желевица". На подрачјето на Општина Делчево работаат 3 (три) каменоломи кои ги обезбедуваат потребите од сепариран песок за општините Делчево и регионот. Во делот на дрвната индустрија значаен производен капацитет претставува "Алпин ком" кој произведува фурнир и пелети , но и „Рудине" кој е клучен во откупот на млеко и слива и вишна. Водниот потенцијал и сончевите денови овозможија да бидат изградени неколку централи за производство на електрична енергија од сонце.

| | | Активни деловни субјекти по големина | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Делчево** | 529 | 371 | 151 | 4 | 3 |

*Табела 4: Број на активни деловни субјекти во Делчево по големина, Извор: ДЗС 2019 г.*

Изградбата на новата индустриска зона и потенцијалните инвестиции , како и ставањето во функција се наметнува како клучен фактор за развој на локалната економија. Локалната самоуправа исто така има влијание врз развојот на економијата преку изготвување на стратешки документи за развој, мерки за даночни олеснувања, изготвување и донесување на урбанистичко-планска документација, изградба на соодветна комунална инфраструктура и слично. Најголемиот број на вработени сепак отпаѓа на текстилната, дрвната и прехрамбената индиустрија како и јавните дејности, односно вработени во здравствените установи, образовните установи, јавни претпријатија и други административно управни единици.

2. Резиме на индикаторите на успешност

| Индикатор/Димезија | Оценка |
|---|---|
| **1. Вкупна реализација на расходите** | **B** |
| **2. Реализација на составот на расходи** | **C+** |
| 2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор | C |
| 2.2 Реализација на составот на расходите според економски вид | C |
| 2.3 Расход од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви) | A |
| **3. Реализација на приходи** | **C** |
| 3.1 Реализација на вкупни приходи од сопствени извори | D |
| 3.2 Реализација на составот на приходите | B |
| **5.1 Буџетска документација** | **C** |
| **12. Управување со јавни средства** | **D+** |
| 12.2 Следење на основни средства и имоти (нефинансиско средство) | D |
| 12.3 Транспарентност на отуѓувањето на средствата | C |
| **13. Управување со долгот** | **C** |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | C |
| **14. Макроекономско и фискално предвидување** | **B** |
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | B |
| **17.Процес за подготовка на буџет** | **B** |
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | B |
| **19. Даночна администрација** | **D+** |
| 19.2 Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | C |
| 19.4 Следење на даночните долгови (данок на имот, промет,наследство и подарок) | D |

| | |
|---|---|
| **20. Сметководствено евидентирање за приходи** | **A** |
| 20.1 Информации за наплати на приходи | A |
| **23. Контроли на платен список** | **A** |
| 23.2 Управување со промените на платниот список | A |
| **24. Набавки** | **A** |
| 24.1 Спроведување и следење на набавки | A |
| 24.2 Методи на набавки | A |
| 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки | A |
| **28. Извештаи за буџетот во рамки на годината** | **B** |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | B |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | B |
| **29. Годишни финансиски извештаи** | **B** |
| 29.1 Целосност на годишните финансиски извештаи | B |

# СТОЛБ I. ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА БУЏЕТОТ

Првиот столб се однесува на тоа дали буџетот на општината е реален и дали се спроведува според планираното. Мерењето се врши преку споредба на реализираните приходи и расходи со првично одобрениот буџет. Во овој столб се опфатени три индикатори со посебни димензии кои ја мерат успешноста во реализацијата на општинските буџети преку утврдување на отстапувањата кај вкупните буџетски расходи споредени со првично одобрениот буџет, успешноста на реализацијата на расходите по функционална и економска класификација и искористување на буџетската резерва.

Консолидираниот буџет на Општина Делчево го сочинуваат пет сметки, и тоа: буџетска сметка, самофинансирачка сметка, сметка на дотации, сметка на донации и сметка на кредити. Буџетите на двете основни училишта, средното училиште, детската градинка и градската библиотека кои се општински единки корисници и кои имаат сметки за самофинансирачки активности, дотации и донации се дел од консолидираниот буџет на општината.

Консолидираниот буџет на општината содржи три дела, и тоа:

1. **ОПШТ ДЕЛ** кој ги содржи вкупните приходи и расходи распределени по функционална и економска класификација;
2. **ПОСЕБЕН ДЕЛ** кој содржи план на одобрени средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година. Во овој дел се прикажани расходите според класификацијата на расходите пропишана од Министерството за финансии, групирани по корисници и програми.
3. **РАЗВОЕН ДЕЛ** ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.

На крајот на секоја фискална година , до Советот на општина Делчево се доставува Годишна (завршна) сметка на буџетот на општината, која ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и реализирани приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.

## **PI-1 Вкупна реализација на расходи**

PI-1 индикаторот го мери степенот до кој реализацијата на вкупните буџетски расходи го одразува првично одобрениот износ, онака како што е дефинирано во буџетската документација и фискалните извештаи.
Овој индикатор содржи само една димензија. Како извори на информации за пресметка на остварувањата на вкупните расходи се земени првичниот буџет одобрен од советот на општината (СО) за 2020,2021 и 2022 година како и годишните финансиски извештаи за буџетот за соодветните години.

| | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Првично одобрен буџет во ден.** | **354.068.111** | **310.043.856** | **283.970.378** |
| **Реализирани расходи во ден.** | **263.140.000** | **286.106.864** | **274.267.738** |
| **Процентуално остварување на вк.расходи** | **74%** | **92%** | **97%** |

*Табела 5: Вкупно планирани и реализирани расходи во 2020, 2021 и 2022*

**Графикон бр.1 Процентуално остварување на вкупни расходи за 2020,2021 и 2022 година**




Извор: Буџети и завршни сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 година.

Во 2020 година првично се планирани 354.068.111 денари, а се реализирани 263.140.000 ден. или 74%. Во наредните две години, процентот на реализација се зголемува, во 2021 изнесува 92%, додека во 2022 година

процентот на реализација на вкупните расходи изнесува 97%. Ниската реализација во 2020 година се должи на последиците од здравствено-економската криза од пандемијата КОВИД-19, која донесе исклучително неизвесни и тешки финансиски последици како на глобално така и на локално ниво.

**Бидејќи реализацијата на вкупните расходи на Општина Делчево за две последователни години е над 90%**, а критериумот за оценка е реализацијата на вкупните расходи да е меѓу 90 % и 110% од одобрените вкупни буџетирани расходи во најмалку две од последните три години, **оценката за оваа димензија е B.**

| **Индикатор/ Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-1. Вкупна реализација на расходи** | **B** |
| **1.1 Вкупна реализација на расходите** | B |

## PI-2. Реализација на составот на расходите

Индикаторот PI-2 го мери степенот на до кој прераспределбите меѓу главните буџетски категории за време на извршувањето придонеле за отстапувања во составот на расходите. Овој индикатор содржи три димензии кои го мерат отстапувањето на реализираните расходи од првично одобрениот буџет и тоа по надлежност/програма, економска класификација и по уделот на резервите во буџетот на општината. За оценка на овој индикатор се применува M1(WL) методот на најслаба алка, каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. Вкупната оценка на индикаторот е најниската оценка дадена за некоја димензија, и онаму каде што некоја од другите димензии добива повисока оценка се додава + на оценката за индикаторот.

**Оценката за овој индикатор за Општина Делчево е C+, поради најниските оценки на димензиите 2.1 и 2.2 (оценки C) , а додадениот "+" произлегува од повисоката оценка (A) на димензијата 2.3.**

| Индикатор/ Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-2. Реализација на составот на расходи М1 (WL)** | **C+** |
| **2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор** | C |
| **2.2 Реализација на составот на расходи според економски вид** | C |
| **2.3 Расходи од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви)** | A |

***2.1 Реализација на составот на расходи според главни функција или сектор (надлежности/програми)***

Со оваа димензија се мери отстапувањето во составот на расходите по надлежности/програми на крајот на годината и на првично одобрениот буџет, во текот на последните три години, со исклучок на ставките за непредвидени трошоци-резерви , каматата и расходите за отплата на главницата. Податоците за мерење на оваа димензија се земени од Посебниот дел на првично одобрените буџети и завршните сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 година.

**Графикон бр.2 Отстапување во составот на расходите по надлежности/ програми**




*Извор: Буџети и завршни сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 година.*

Од графиконот 2 може да се види дека, најголемо отстапување во составот на расходите се јавува во програмите Q-Заштита и спасување и X-Родова еднаквост каде реализацијата на расходите во анализираниот тригодишен

период е 0 ден. Нереализацијата во овие програми се должи на слабата динамика на активности во овие области. Исто така , и во програмата R-Заштита на животната средина е забележително значително отстапување во 2020 година од 86% во споредба со другите години каде отстапувањето е незначително. И во програмата F1-Урабанистичко планирање, отстапувањето бележи нагорен тренд од 2020 до 2022 година, поради намалениот број на проекти за изградба на улици и други капитални инвестиции, како и поради промена во динамиката за изработка на нови урбанистички планови.

Истотака, и во програмата Е0-Општинска администрација има значително отстапување од 45% поради порастот на платите.

| Година | Отстапување во составот на расходите по програми/надлежности |
|---|---|
| 2020 | **26%** |
| 2021 | **10%** |
| 2022 | **12%** |

*Табела 6: Матрица на резултати за пресметка на димензија 2.1*

*Извор: Буџети и завршни сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 год.*

Од табелата може да се заклучи дека **оценката за оваа димензија е С**, бидејќи отстапувањето во составот на расходите е помалку од 15% во најмалку две од последните три години.

***2.2 Реализација на составот на расходите по економски вид***

Со оваа димензија се мери разликата меѓу првичниот буџет одобрен од советот на општината (СО) и реализацијата на крајот на годината во составот на расходите според економската класификација во текот на последните три години, при што се вклучува каматата на долгот, но се исклучуваат ставките за непредвидени трошоци-буџетски резерви и отплата на главницата. Податоците за оценка на оваа димензија се земени од Билансот на приходи и расходи на првично одобрените буџети и завршните сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 година.

***Графикон бр.3 Отстапувања во составот на расходите по економска класификација***




*Извор: Буџети и завршни сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 година.*

Од разгледаните финансиски извештаи на Општина Делчево и направените пресметки согласно PEFA методологијата, најголемо отстапување во составот на расходите според економска класификација се јавува кај трошоците за камата за отплата на главница.

Во делот на капиталните расходи во 2020 година има отстапување од 32% што се должи на последиците од КОВИД-19 пандемијата, во 2021 и 2022 година отстапувањата на реализираните во однос на планираните расходи бележат тенденција на опаѓање. Како последица на Ковид 19 пандемијата, во 2021 година кај трансферите и социјалните бенефиции има поголема реализација на расходите од првично планираните.

| **Табела - Матрица на резултати за PI-2.2** | |
|---|---|
| **година** | **отстапување на составот на вкупните расходи** |
| **2020** | **24%** |
| **2021** | **10%** |
| **2022** | **8%** |

*Табела 7: Матрица на резултати за PI-2.2*

*Извор: Буџети и завршни сметки на Општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 год.*

**Бидејќи отстапувањето во составот на расходите по економска класификација на општина Делчево во две последователни фискални години е помалку од 15% (табела 7),** а критериум за оценка на отстапувањето во составот на расходите да биде помалку од 15% во најмалку две од последните три години, ***оценката за оваа димензија во општина Делчево е С.***

### *2.3 Расходи од резервите за непредвидени ситуации*

Димензијата го мери просечниот износ на општинските расходи кои се всушност за непредвидени трошоци-резерви како процент од вкупниот буџет одобрен од Советот на општината.

Согласно член 11 од Законот за буџети[2], постојаните и тековните буџетски резерви се користат за справување со последици од природни катастрофи и други непредвидени настани. Издвојувањата за постојаните буџетски резерви не можат да бидат намалени со прераспределување во текот на годината, но може да се зголемат.

| Година | Првично планирани вкупни расходи | Реализирани трошоци за резерви | Удел на потрошени резерви во буџетот |
|---|---|---|---|
| 2020 | 354.068.111 | 40,000 | 0% |
| 2021 | 310.043.856 | 0 | 0% |
| 2022 | 283.970.378 | 0 | 0% |

*Табела 8: Матрица на резултати за пресметка на димензија 2.3*

*Извор: Буџети и завршни сметки на општина Делчево за 2020,2021 и 2022 год.*

Уделот на потрошените резерви во буџетот на општина Делчево во последните три години изнесува 0% (табела бр.8) и **оценката за оваа димензија е А,** бидејќи е задоволен критериумот за оценка А т.е реализацијата на расходите за непредвидени трошоци-резерви била во просек помалку од 3% од првичниот буџет.

[2] *Закон за буџетите, Сл.весник на РМ бр,64/2005 од 03.08.2005*

## PI-3 Реализација на приходите

Со овој индикатор се мери отстапувањето на приходите помеѓу првично одобрениот буџет и реализираното и ги опфаќа фискалните години 2020, 2021 и 2022 година. Тој содржи две димензии и го применува методот на просек: M2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табелата за конверзија (Анекс 5). Податоците и пресметките за овој показател се дадени во Анекс 2.

| Индикатор/ Димензија | |
|---|---|
| **PI-3 Реализација на приходи M2 (AV)** | C |
| **3.1 Реализација на вкупни приходи** | D |
| **3.2 Реализација во составот на приходи** | B |

### *3.1 Реализација на вкупни приходи*

Оваа димензија ја оценува промената во приходите меѓу првично одобрениот буџет и реализацијата на крајот на годината. Таа се однесува на приходите кои законски и исклучиво и припаѓаат на општината.

| Година | Буџет (првично одобрен) во МКД | Реализирано во МКД | Остварување на вкупните приходи |
|---|---|---|---|
| 2020 | 284,930,889 | 227,910,801 | 80% |
| 2021 | 291,775,400 | 252,403,869 | 87% |
| 2022 | 272,851,600 | 269,843,959 | 99% |

*Табела 9: Вкупни буџетски и реализирани приходи*

*Извор: Буџети и завршни сметки на општина Делчево за 2020, 2021 и 2022 год.*

Остварувањето на реализираните вкупни приходи изнесува 80% во 2020 година, 87% во 2021 година и 99% во 2022 година, и **оценката за оваа димензија е D** бидејќи остварувањето во две фискални години е помалку од 92%.

### *3.2 Реализација на составот на приходи*

Димензијата ја мери разликата во составот на приходите во последните три години (2020, 2021 и 2022 година)




*Графикон 4: Отстапување во составот на приходите по економска класификација*

*Извор: Буџети и завршни сметки на општина Делчево за 2020,2021 и 2022 година*

Од графиконот 4 се гледа дека најголемо потценување на првично планираните износи е направено во 2020 и 2021 година и тоа кај даноците на доход, добивка и капитални добивки, даноците на имот, такси на користење или дозволи за вршење дејност, и посебно отстапување има кај капиталните и тековни донации во 2021 година, кое се должи на одобрени проекти и склучени договори со повисоки нивоа на власт за доделување на средства за капитални инвестиции во општината. Во 2022 година е забележано драстично преценување на првично планираните приходи од такси за користење или дозволи за вршење на дејност во однос на реализираното.

| | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Отстапување во составот на приходи (проценти)** | **14%** | **6%** | **8%** |

*Табела 10 : Матрица на резултати за пресметка на димензија 3.2*

Бидејќи отстапувањето на составот на приходите на Општина Делчево изнесува14% во 2020, 6% во 2021 и 8% во 2022 година, а критериум за оценка е отстапувањето во составот на приходите да биде помалку од 10% во најмалку 2 од последните три години, **оценката на оваа димензија е В.**

# СТОЛБ II: ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ

Столбот 2 мери дали буџетската класификација е согласно меѓународните стандарди, дали со предлог буџетот се изготвуваат дополнителни документи и информации кои вклучуваат сеопфатна финансиска анализа на општината и дали целокупната документација за управувањето со јавните финансии е достапна за јавноста.

## PI-5 Буџетска документација

Овој индикатор ја оценува сеопфатноста на информациите обезбедени во годишната буџетска документација, мерена според одредена листа на основни и дополнителни елементи. За овој индикатор има една димензија.

Листата на документи што треба да се земе предвид при оценката на овој индикатор ги содржи следните четири основни и осум дополнителни елементи, и тоа:

| Основни елементи: | | Достапни/ постоечки изработени документи |
|---|---|---|
| 1 | Фискална табела (прогноза на фискалниот дефицит или суфицит и извештај за готовински тек) | Да |
| 2 | Реализација на буџетот од претходната година, претставена во истиот формат како и предлог-буџетот | Не |
| 3 | Буџетот за тековната фискална година претставен во истиот формат како и предлог-буџетот | Да |
| 4 | Вкупни податоци за буџетот (приходите и расходите според економска и функционална класификација), вклучувајќи податоци за тековната и претходната година со детално расчленување на проценките на приходите и расходите | Да |
| **Дополнителни елементи:** | | |
| 5 | Финансирање на дефицит, со опишување на неговата очекувана структура | Не |
| 6 | Макроекономски проекции, вклучувајќи барем проценки за растот на БДП, инфлацијата, каматните стапки и девизниот курс | N/A |
| 7 | Состојбите на долгот | Не |
| 8 | Финансиски средства | N/A |
| 9 | Информации за фискалните ризици, вклучително и непредвидени обврски, како што се гаранции, и непредвидени облигации, како што се договорите за јавно-приватно партнерство (ЈПП) | Не |
| 10 | Образложение на буџетските импликации на новите иницијативи и големи јавни инвестиции, со проценки на буџетското влијание во приходите и расходи (пр. воведување нови | Не |
| 11 | Документација за среднорочните фискални прогнози | Не |
| 12 | Износи на даночните расходи (даночни загуби) | Не |

*Табела11: Елементи опфатени со буџетската документација 2022*

Овој индикатор содржи само една димензија и се оценува по следниот критериум:

| Оценка | 1 неприменлив елемент | 2 неприменливи елементи | 3 неприменливи елементи |
|---|---|---|---|
| A | 4 основни елементи 5 дополнителни елементи | 4 основни елементи 4 дополнителни елементи | 4 основни елементи 3 дополнителни елементи |
| B | 3 основни елементи 3 дополнителни елементи | 3 основни елементи 2 дополнителни елементи | 3 основни елементи 1 дополнителен елемент |
| C | 3 основни елементи | 3 основни елементи | 3 основни елементи |
| D | Помалку од 3 основни елементи | | |

За оценка на овој индикатор беше разгледан последниот предлог буџет поднесен до советот на општината за 2023 година. Тој е придружен со трите основни елементи: фискална табела (прогноза на фискалниот дефицит или суфицит и извештај за готовински тек), буџетот за тековната фискална година претставен во истиот формат како и предлог-буџетот и вкупни податоци за буџетот (приходите и расходите според економска и функционална класификација), вклучувајќи податоци за тековната и претходната година со детално расчленување на проценките на приходите и расходите.

**Бидејќи, буџетската документација за 2023 година за Општина Делчево е придружена со три основни елементи и нема други дополнителни елементи, оценката за оваа димензија е C.**

| Индикатор/ Димензија | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-5 Транспарентност на јавните финансии М2 (AV)** | **C** |
| 5.1 Буџетска документација | C |

# СТОЛБ III: УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА И ОБВРСКИ

Столб 3 мери дали ефективното управување со средствата и обврските гарантира дека јавните инвестиции обезбедуваат вредност за потрошените пари, средствата се евидентираат и управуваат, се идентификуваат фискалните ризици, а долговите и гаранциите внимателно се планираат, одобруваат и следат. Во столб 3 се опфатени два индикатори кои го опфаќаат следењето на

имотот на општината и негова транспарентност и управувањето со домашниот и надворешниот долг.

## <u>PI-12 Управување со јавни средства</u>

Управувањето со јавните средства го оценува управувањето и следењето на општинските средства и транспарентноста на отуѓувањето на средствата. Овој индикатор содржи три димензии, и го применува методот М2 (AV) за собирање на оценките на димензиите. За потребите на оценувањето ќе опфатиме само две од трите димензии.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI- 12. Управување со јавни средства  М2 (AV)** | **D+** |
| 12.2. Следење на основни средства и имоти  (нефинансиско средство) | D |
| 12.3. Транспарентност на отуѓувањето на средствата | C |

***12.2 Следење на основни средства и имот (нефинансиски средства)***

Оваа димензија оценува дали општината води попис на имот и средства, земјиште, подземна инфраструктура односно подземен катастар (фекална канализација, атмосферска канализација, електрична инфраструктура, водена пареа итн.) со податоци за вредноста на имотот. Водењето регистар е основно барање за да може општината подобро да ги одбере приоритетните инвестициски програми и да ги земе предвид трошоците за одржување на инвестициите.

<u>**Општина Делчево нема регистар на основни средства и имоти со податоци за вредноста и староста на имотот**</u>. Во општината редовно се врши попис на целиот движен и недвижен имот за кој располага со податоци и врши пресметка на амортизација и ревалоризација.

**Бидејќи општина Делчево нема регистар на недвижен имот, оценката за оваа димензија е D.**

### *12.3 Транспарентност на отуѓувањето на средствата*

Оваа димензија оценува дали постапките за пренос (давање на користење) и отуѓување на финансиски и нефинансиски средства се воспоставени преку интерни процедури на општината. Таа проверува дали се обезбедуваат информации за Советот на општината или за јавноста за преносот и отуѓувањето и дали истите се вклучени во буџетските документи и финансиските извештаи. Општината има спроведено постапка на отуѓување или давање на користење на основно средство во 2022 година со одобрување на советот на општината со податоци за староста и износот на основното средство и истото е книговодствено евидентирано.

**Општината нема изготвено пишана процедура за пренос и оттуѓување на основните средства.**

**Бидејќи Општина Делчево во периодот на оценување нема пишана процедура за пренос или отуѓување на финансиски и нефинансиски средства, но во тек е имплементација на ISO стандарди во општината и оваа процедура ќе биде воспоставена во најскоро време. Оценката за оваа димензија е C.**

## PI-13 Управување со долгот

Овој индикатор го мери управувањето со домашниот и надворешниот долг и гаранциите, и содржи три димензии, но за целите на ова оценување опфатена е една димензија. Тој идентификува дали општината има воспоставено пракса за евиденција и анализа на долгот. Со индикаторот опфатена е последната завршена фискална година 2022.

### *13.1. Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции*

Оваа димензија мери дали општината води детална евиденција на долгот по рок на доспеаност на плаќање, дали обврските годишно се усогласуваат со доверителите и дали се прават анализи на трошокот за долгот (затезни камати, извршни решенија и сл.). Покрај тоа, општината треба да подготвува сеопфатни

извештаи за управување со долгот и статистички извештаи кои го покриваат сервисирањето на долгот и состојбата на заостанатиот долг.

Согласно Закон за пријавување и евиденција на обврските, недоспеани и доспеани, општините имаат обврска најдоцна до 10-ти во месецот да ги пријават обврските за претходниот месец во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските-ЕСПЕО во Министерство за финансии. Пријавените обврски од општините МФ ги објавува на квартално ниво.

Согласно Закон за финансирање на ЕЛС, општината доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи за доспеани долгови во рок од еден месец по завршување на кварталот. Формата и содржината на извештаите е пропишана од МФ.

За мерење на оваа димензија беа разгледани Кварталните извештаи К2 и К3 за 2022 година и финансиските картици за обврски кон добавувачи и обврски по кредити и месечната евиденција од ЕСПЕО. Од разгледаната документација на општината се утврди дека сметководствената евиденција е усогласена со трезорската евиденција во Министерство за финансии.

**Оценката за оваа димензија е C,** бидејќи евиденцијата за домашниот и надворешниот долг и гарантираниот долг е целосна, точна, ажурирана и усогласена на годишно ниво. Усогласувањата се спроведуваат на годишно ниво. Областите каде што усогласувањето бара дополни информации кои треба да бидат целосни се признаваат како дел од документацијата на евиденцијата.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-13. Управување со долгот М2 (AV)** | **C** |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | C |

# СТОЛБ IV: ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И БУЏЕТИРАЊЕ БАЗИРАНО НА ПОЛИТИКИ

Столб 4 опфаќа дали буџетот на општината се планира врз основа на стратешките документи на општината, дали се земени предвид макроекономските и фискални проекции на централната власт, дали проценките на планираниот буџет се засновани на претходно спроведена финансиска

анализа на општината. Овој столб го опфаќа и управувањето со процесот за подготовка на буџетот.

## PI-14. Макроекономско и фискално предвидување

Овој индикатор ја оценува способноста на општината да развие среднорочен буџет расчленет според административна, програмска (или функционална) и економска класификација и усогласен со стратешките планови за испорака на услуги. Овој индикатор содржи четири димензии, но за целите на ова оценување опфати една димензија.

### *14.3. Среднорочни проценки на приходите и расходите*

Оваа димензија оценува дали годишниот буџет на општината се прави со среднорочни проценки и дали се подготвуваат буџети за наредните две години. Приходите и расходите треба да бидат расчленети по административна, програмска (или функционална) и економска класификација. Среднорочните проценки на приходите и расходите треба да бидат направени со анализа на фискалниот капацитет и анализа на одржливоста на инвестициите. За оценка на оваа димензија во Општина Делчево беше разгледана документацијата за Буџетот за 2023 година.

**Годишниот буџет за 2023 година е подготвен со среднорочни проценки и општината има подготвено буџети за наредните две фискални години 2023 и 2024 , така што оваа димензија е оценета со B.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
| --- | --- |
| **PI-14. Макроекономско и фискално предвидување М2 (AV)** | **B** |
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | B |

## PI-17. Процес на подготовка на буџетот

Овој индикатор го мери процесот на подготовка на буџетот, дали општината подготвува буџетски календар, буџетски циркулар до буџетските корисници и дали буџетот е навремено донесен од Советот на општината. Тој содржи три димензии, но за целите на ова оценување ќе опфати една димензија.

Временскиот период за оценка на овој индикатор е последниот донесен буџет на општината за 2022.

### *17.1. Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет)*

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа утврден е буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет од страна на советот на општината. Со носењето на буџетот или веднаш по носењето на буџетот, се донесува буџетски календар што ги дефинира сите активности што значат подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи што ги доставува општината или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација со конкретни датуми. Оваа димензија оценува дали постои јасен буџетски календар за општината, до кој степен се почитува и дали им дава доволно време на секторите/одделенијата и буџетските корисници да подготват добро планирани предлог-буџети.

За оценка на овој индикатор земен е предвид буџетскиот календар на Општина Делчево за 2022 година, кој е усвоен од Советот на општината во декември 2021 и објавен на општинската веб страница [3]со добро планирани рокови за извршување на активностите во текот на годината. Согласно календарот градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финасиските планови до сите сектори, оделенија и буџетски корисници и го доставува најдоцна до крајот на месец октомври, а буџетските единици ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите во позиции во текот на месец ноември . Исто така се одржуваат консултативни состаноци со буџетските корисници и раководителите на одделенијата.

Општина Делчево изработува Буџетски календар со реалистични рокови како и граѓански буџет кој е објавен на општинската веб страница[4].

---

[3] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/BUXETSKI-KALENDAR-ZA-2022GODINA.pdf

[4] https://www.delcevo.gov.mk/graganski-budzet-2

**Бидејќи во Општина Делчево постои јасен годишен буџетски календар кој во голема мера се почитува, и им дозволува на буџетските единици најмалку четири недели од приемот на буџетскиот циркулар да ги завршат своите детални проценки на време, оценката за оваа димензија ќе биде B.**

| **Индикатор/Димензија** | **Оценка** |
|---|---|
| **PI-17 Процес на подготовка на буџетот М2 (AV)** | **B** |
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | B |

## СТОЛБ V : ПРЕДВИДЛИВОСТ И КОНТРОЛА НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ

Столб 5 следи дали буџетот се спроведува со систем на ефективни стандарди, процеси и внатрешни контролни механизми со што се осигурува дека ресурсите се стекнуваат и се користат како што е пропишано.

Овој столб, кој содржи четири индикатори за самооценка на успешноста, го опфаќа администрирањето на локалните сопствени приходи, сметководственото евидентирање на приходите, интерните контроли на платниот список и спроведувањето, следењето и транспарентноста на јавните набавки.

### PI-19. Администрирање на локалните даноци

Овој индикатор се следи преку две димензии и ја согледува успешноста во администрирањето на данокот на имот и проценката на вредноста на имотот како и ефикасноста во следењето на даночните долгови по основ на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности. Се проценуваат постапките што се користат за евиденција, наплата и следење на приходите на општината по основ на данокот на имот. Периодот на проценка на

двете димензии е 2022 година. За потребите на ова оценување опфатени се две димензии кои се оценуваат по методот на просек: М2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5).

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-19. Даночна администрација М2 (AV)** | **D+** |
| 19.2. Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | C |
| 19.4. Следење на даночните долгови (данок на имот, промет, наследство и подарок) | D |

***19.2. Регистар за данок на имот и проценка на вредноста***

Димензијата го оценува степенот до кој сопствените приходи на општината од данокот на имот имаат придобивки од сеопфатна и точна даночна основа.

За администрирање на данокот на имот и другите локални даноци и такси, Општина Делчево ја користи ЛТАС апликација. Регистарот на данокот на имот содржи информации за недвижниот имот и тоа: број на парцела и површина, вид на објект и површина,  користење на недвижниот имот и проценета вредност на имот. Последна целосна проценка на вредноста на имотот евидентиран во регистарот на данок на имот во Општина Делчево е направена во периодот 2007 до 2011 година(руралните подрачја) , и во 2018 е направена репроценка на неаграрно земјиште во градското подрачје. Од тогаш па се до 2022 година, општината спроведувала само индивидуално ажурирање на регистарот со податоци од еднократните промени на недвижниот имот врз основ на наследство, подарок или купопродажба на недвижниот имот. Бидејќи континуирана целосна  проценка и ажурирање на  базата на податоци за данок на имот за 2022 година не извршена, облогот кој е евидентиран во даночната и сметководствената евиденција на општината за 2022 година не ја прикажува точната состојба на даночните обврзници и износот на данокот на имот кој како сопствен приход треба да го наплати општината.

Со поддршка на Проектот на УСАИД во тек се подготовки (обуки на кадарот) за репроцена и ажурирање на базата на податоци за недвижен имот, и оваа активност се планира да биде реализирана во текот на 2024 година.

Заради ограничените капацитети на општината, недоволен број на проценители во даночното одделение, не се прави редовно ажурирање на податоците во регистарот на данокот на имот што индиректно доведува до нереално искажување на пазарната вредност на недвижниот имот и нереална проекција на потенцијалните општински приходи од данокот на имот и нивна наплата.

**Бидејќи регистарот во кој се евидентира недвижниот имот (парцелите и објектите) не е сеопфатен и целосен и содржи податоци за вредноста на недвижниот имот кои се постари од 10 години, оценката за оваа димензија е С.**

### *19.4. Следење на даночните долгови (данок на имот, промет, наследство и подарок)*

Димензијата го оценува степенот на правилно управување со заостанатите долгови за основните даноци во општината, насочувајќи се на нивото и староста на заостанатите долгови за основните даноци. Тоа ќе обезбеди општината да ја максимизира наплатата на заостанатите долгови за основните даноци пред долговите да станат ненаплатливи.

Општината редовно ги евидентира побарувањата од данок на имот, промет и наследство и во сметководствената евиденција.

Општина Делчево има воспоставена пракса за редовно и навремено доставување на решенија за данок на имот и решенија за комунална такса во рамки на законски утврдените рокови. Доколку даночниот обврзник не го подмири својот даночен долг во зададениот рок, општината доставува опомена и решение за присилна наплата според која заостанатиот долг обврзникот има обврска да го плати во рок од 8 дена, но заради потешкотии во обезбедување на податоци за наплата од физичките лица, присилната наплата кон физички лица ретко се спроведува. Општината не пресметува и не наплатува камата која исто така е пропишана во висина 0,05% за секој ден задоцнување.

За време на проценката, не беше обезбедена евиденција за даночните долгови по датум на доспевање, и поради тоа податокот за вредноста на основните даночни долгови постари од 12 месеци за 2022 година не може да се обезбеди.

**Со оглед на тоа дека димензијата ја мери навремената наплата на заостанатите долгови пред истите да станат ненаплатливи, како и фактот дека општината нема информација за даночните долгови по датум на доспевање и нема пракса за иницирање на присилна наплата на ненаплатените даночни долгови, оценката е D.**

## PI-20. Сметководствена евиденција за приходи

Овој индикатор го оценува степенот до кој општината добива информации од централната власт за наплатените приходи, брзината на добиените информации и редовното усогласување на сметководствената евиденција. Тој содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка M1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. За потребите на ова оценување, опфатена е само една димензија.

***20.1. Информации за наплати на приходи***

Оваа димензија ги оценува постапките за евидентирање и известување за наплатените приходи на општината. Таа мери дали општината навремено добива извештај со детални податоци за видовите на наплатени приходи и периодот на наплата, и дали се врши редовно усогласување на податоците.

Согласно Законот за буџети, наплатата на сите приливи и извршувањето на сите одливи на буџетот на општините се евидентира преку Единствената трезорска сметка (ЕТС) на Министерството за финансии. Преку овој систем, министерството ја следи наплатата на приходите и другите приливи на трезорската сметка и врши распределба по општините и другите буџетски

корисници. Начинот на трезорското работење на општините е пропишан со Упатство од Министерство за финансии.[5]

На општините на дневна основа достапни им се банкови изводи за прометот и состојбата на своите жиро сметки заради следење и евидентирање на промените на истите, како и на уплатните сметки за кои се надлежни преку апликацијата на Министерство за финансии Е-трезор.[6]

За оценката на оваа димензија беа разгледани Билансот на успех на Општина Делчево со состојба 31.12.2022 година и Извештајот за 2022 година од трезорската евиденција на Министерството за финансии. Од разгледаната документација се констатира дека сметководствената евиденција во општината е иста со трезорската евиденција во министерството. Извештајот на МФ, содржи податоци за сите видови на приходи расчленети на потставки и дата на приливот и тоа за сите жиро сметки на општината.

**Бидејќи одделението за финансии во општината има дневен пристап до податоците за сите наплатени приходи расчленети по видови за што се прави редовно усогласување со единствената трезорска сметка на МФ, оценката за оваа димензија е А.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-20. Сметководствено евидентирање за приходи М1 (WL)** | **А** |
| **20.1. Информации за наплати на приходи** | А |

[5] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/03/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%9A%D0%B5-219_2018.pdf

[6] https://e-trezor.finance.gov.mk/eobvrski/login.seam

## PI-23. Контроли на платен список

Овој индикатор оценува дали кадровската евиденција на вработените е усогласена со платниот список, дали се прават корекции во исплатената плата, дали постои внатрешна контрола за евиденција на вработените и дали платите се ревидирани од внатрешни или надворешни ревизори. Мерењето ги опфаќа платите на јавните службеници, додека исплатите за повремени работни ангажмани и дискрециони додатоци не се дел од овој индикатор. Тој содржи четири димензии и го применува методот на најслаба алка M1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. За потребите на ова оценување, тој опфаќа само една димензија.

### *23.2. Управување со промените на платен список*

Оваа димензија оценува дали кадровата евиденција на вработените и платниот список се ажурираат навремено, дали постои ревизорска трага за промените и дали се прават ретроактивни промени на платата.

Во Општина Делчево сите настанати промени во платата на државните службеници се евидентираат секој месец, пред исплата на платата. За сите промени одделението за човечки ресурси подготвува правен акт (решение) и го доставува до одделението за финасии за исплата. Платите се исплаќаат најдоцна до 5-ти во месецот, а ретроактивни измени (корекции на плата) во годината кога се прави оценката се направени само за вработените во ТППЕ по однос на донесени судски спогодби.

**Со оглед на тоа дека промените помеѓу персоналната евиденција на вработени и пресметките на плати се ажурираат на месечно ниво и навремено, пред платата за следниот месец и корекции на платата во Општина Делчево за 2022 се само по основ на судски спогодби, оценката за оваа димензија е А.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-23. Контроли на платен список M1 (WL)** | **A** |
| **23.2. Управување со промените на платен список** | A |

## PI-24. Јавни набавки

Овој индикатор го проверува процесот на спроведување на јавните набавки. Тој се насочува на транспарентноста на постапките со особен акцент на отворените и конкурентни постапки, потоа следење на резултатите од јавните набавки и поднесување на жалби од економските оператори и нивна правна заштита. Тој ги покрива сите видови на јавни набавки и оценува дали за вложените пари се добиени квалитетни добра, услуги или работи. Период на оценка е последната фискална година односно 2022.

Јавните набавки во Република Северна Македонија се регулирани со тековниот Закон за јавни набавки[7] кој е усогласен со новата директива на ЕУ и го регулира начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки (БЈН), надлежностите на Државната комисија по жалби по јавни набавки и заштита на законитоста во постапките за јавни набавки, како и заштита на законитоста во постапките за доделување на концесии и договори за јавно приватни партнерства.

Овој индикатор содржи четири димензии,но за целите на ова оценување опфатени се три димензиикои се оценуваат по методот на просек: M2 (AV). Вкупната оценка за овој индикатор дадена со овој метод се заснова на приближен просек на оценките за поединечните димензии на индикаторот, како што е наведено во табела за конверзија (Анекс 5).

[7] https://www.bjn.gov.mk/category/zakon-za-avni-nabavki/

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-24. Јавни набавки М2 (AV)** | **A** |
| **24.1 Спроведување и следење на набавки** | A |
| **24.2 Методи на набавки** | A |
| **24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки** | A |

***24.1. Спроведување и следење на јавни набавки***

Оваа димензија оценува дали се води евиденција за склучените договори од јавни набавки за тоа што е набавено, која е вредноста на набавката и со кој економски оператор е склучен договорот. Податоците треба да бидат прикажани по видови на постапки за јавни набавки (стоки, услуги и работи).

Општината има обврска јавните набавки да ги спроведува преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) кој овозможува поголема ефикасност, транспарентност и економичност во постапките. Начинот на користење на системот е пропишан со Правилник донесен од Министерство за финансии.[8]

ЕСЈН го опфаќа целиот процес на спроведување на тендер од објавување на повикот за тендер,поднесување на понуди, оценување и доделување на договори. Откако ќе биде одобрен годишниот буџет на општината, треба да се подготви  планот за јавни набавки и да се објави најдоцна до 31 јануари секоја година, како и сите последователни измени на ЕСЈН. Информациите за целокупниот процес на набавки,вклучувајќи ги известувањата за набавките, тендерските документации, информации за доделување на договорите, документација за склучени договори итн., се лесно достапни на ЕСЈН. Информациите за сите доделени договори , вклучително и договорите за мала вредностсе објавени на порталот.

За мерење на оваа димензија се користени податоци за 2022 година од ЕСЈН .

**Бидејќи во ЕСЈН се води целосна и точна евиденција за договорите за сите видови на постапки за набавки, вклучувајќи известувања за набавки, тендерска документација, известувања за доделување на договор, склучени и реализирани договори, оценката за оваа димензија е А.**

[8] https://www.bjn.gov.mk/podzakonski-akti-zjn/pravilnik-esjn/

### *24.2. Методи на набавки*

Оваа димензија ги оценува видовите на постапки за јавни набавки што се користени во 2022 година, и процентот на спроведени конкурентни постапки од вкупната вредност на доделените договори.

Врз основа на податоците од ЕСЈН, во 2022 година во Општина Делчево биле склучени 40 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 48.705.180 денари. Вкупната вредност на јавните набавки во 2022 година претставува 48% од основниот буџет на општината. Најчесто користениот начин на набавка според вредноста на договорите е набавка од мала вредност преку која се доделени 22 договори во вкупен износ од 8.572.589 денари ( или 18% од вкупните јавни набавки), 15 договори со поедноставена отворена постапка во вкупен износ од 39.424.591 денари (или 81% од вкупните јавни набавки), и во посебни услуги се смета една јавна набавка ,но со доделени Договори на три економски оператори со вкупен износ од 708.000 денари (или 1% од вкупниот износ на јавните набавки).

Во табела 12 се дадени детални информации за бројот и вредноста на договорите по постапките за набавки, врз основа на информациите од ЕСЈН.

| *Јавни набавки 2022 година* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Вид на постапка* | *Конкурентски постапки (Да/Не)* | *Број на доделени договори* | *Вредност на доделените договори во денари* | *Проценти од вкупен износ* |
| *Набавка од мала вредност* | *да* | *22* | *8,572,589* | *18* |
| *Поедноставена отворена постапка* | *да* | *15* | *39,424,591* | *81* |
| *ВКУПНО (Конкурентски постапки)* | | *37* | *47,997,180* | *99* |
| *Постапка со преговарање без претходно објавување* | | | | |
| *Посебни услуги* | | *3* | *708,000* | *1* |
| *ВКУПНО* | | *40* | *48,705,180* | *100* |

| *Вид на набавка* | *Планирани* | *Објавени* | *Нераспишани* | *Реализација на План за ЈН* |
|---|---|---|---|---|
| *Работи* | *6* | *4* | *0* | *67* |
| *Услуги* | *19* | *19* | *0* | *100* |
| *Стоки* | *21* | *15* | *0* | *71* |
| *Вкупно* | *46* | *38* | *0* | *83* |

*Забелешка:*

*Како Посебни услуги се смета една јавна набавка, но се доделени Договори на 3 (три) економски оператори затоа се разликува број на склучени Договори со број на објавени набавки..*

*Табела 12: Видови на постапки, број и вредност на доделените договори*

**Бидејќи во Општина Делчево во 2022 година кај сите доделени договори се применети конкурентни постапки, оценката за оваа димензија е А.**

***24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки***

Оваа димензија оценува дали постапката на поднесување и решавање на жалби по јавните набавки е транспарентна и спроведена од независно тело.

Државната комисија по жалби е основана со посебен закон во 2008 година со надлежност да одлучува по жалби поврзани со договори за набавки, вклучувајќи и концесии и договори за ЈПП. Таа е независно тело кое одговара на собранието на Република Северна Македонија. Нејзините одлуки донесени од петте членови назначени од страна на Собранието се конечни и обврзувачки. Жалби во врска со тендерската документација, оценувањето и одлуката за доделување на договор се поднесуваат електронски. Сите одлуки автоматски се објавуваат на веб страницата на Државната комисија по жалби и се јавно достапни.

Жалбите по јавни набавки ги разгледува независно тело кое треба да ги исполни следните 6 критериуми:

(1) не е вклучено во никаква форма во трансакциите за набавки или во процесите кои водат кон одлуки за доделување договори;

(2) не наплаќа такси кои забрануваат пристап на засегнатите страни;

(3) ги следи процесите за поднесување и решавање на жалби кои се јасно дефинирани и јавно достапни;

(4) има овластување да го прекине процесот на набавка;

(5) донесува одлуки во рокот определен во правилата/прописите; и

(6) донесува одлуки кои се обврзувачки за секоја страна (без да се оневозможи последователен пристап до надворешни повисоки органи).

***Во 2022 година во Општина Делчево ниеден економски оператор нема поднесено жалба по јавни набавка.***

**Бидејќи жалбите по јавни набавки ги разгледува независно тело кое ги исполнува сите 6 критериуми со управувањето и транспарентноста на жалбите, оценката за оваа димензија е А.**

## СТОЛБ VI: СМЕТКОВОДСТВЕНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Столб 6 оценува како се води сметководствена евиденција во општината, дали се подготвуваат точни финансиски извештаи за извршување на буџетот и какви информации се содржани во годишните финансиски извештаи.

### PI-28. Извештаи за буџетот во рамки на годината

Овој индикатор ги оценува податоците презентирани во кварталните извештаи за извршување на буџетот на општината (К1). Тој мери дали извештаите се конзистентни со класификацијата на буџетот преку кои општината ја следи успешноста на извршувањето на буџетот и доколку е потребно да преземе корективни мерки.

Индикаторот содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор. Вкупната оценка за индикаторот е најниската оценка дадена за некоја димензија, и онаму каде што некоја од другите димензии добива повисока оценка, се додава „+“ на оценката за индикаторот. За целите на ова оценување опфатени се две димензии. Проценката е направена за последната фискална година, односно 2022.

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| 28. Извештаи за буџетот во рамки на годината М1 (WL) | B |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | B |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | B |

### *28.1. Покриеност и споредливост на извештаите*

Димензијата оценува дали информациите во Кварталниот извештај за извршување на буџетот (К1) овозможуваат директна споредба со првично одобрениот буџет на општината.

Согласно Закон за финансирање на ЕЛС[9], општината има обврска да достави квартални извештаи (К1) со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот до Советот на општината и Министерство за финансии. Формата и содржината на извештаите ја пропишува Министерот за финансии[10]. Во К1 образецот се внесуваат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за претходните три месеци за кои се однесува извештајниот период согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

За оценување на оваа димензија беа разгледани Кварталните извештаи на Општина Делчево за 2022 година. Од приложената документација се утврди дека податоците за извршувањето на буџетот се презентираат на исто ниво на расчленување како и буџетот, а податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет на општината**, а не со првично планираниот, затоа оценката за оваа димензија е В.**

### *28.2. Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината*

Во рамките на оваа димензија се прави проценка дали кварталните извештаи се доставени навремено до Министерство за финансии и Советот на општината и дали со нив е доставено образложение со спроведена анализа за извршувањето на буџетските приходи и расходи. За оваа димензија предмет на оценување беа Кварталните извештаи за 2022 година. Од разгледаната документација се утврди дека тие навремено се доставуваат до Министерство за финансии и до Советот на општината.

---

[9] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/4_05_2011.pdf

[10] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/04/K1.pdf

Кварталните извештаи заедно со заклучоците за усвојување од страна на Советот на општината се објавуваат на web страната на општината[11]

**Во Општина Делчево во 2022 година законските рокови за подготвување и објавување на кварталните извештаи се запазени, но писмено образложение за извршувањето на буџетот не се подготвува и оттаму оценката е B.**

## PI-29. Годишни финансиски извештаи

Овој индикатор оценува дали годишните финансиски извештаи на општината се целосни, навремени и во согласност со општоприфатените сметководствени принципи и стандарди и дали се поднесени до надворешна ревизија. Презентираните податоци за реализираните приходи и расходи треба да бидат споредени со првично планираните износи во буџетот на општината.

Овој индикатор содржи три димензии и го применува методот на најслаба алка М1 (WL), каде што слабата успешност на една димензија ќе влијае на добрата успешност врз другите димензии на истиот индикатор, но за целите на ова оценување опфаќа само една димензија.

### *29.1. Сеопфатност на годишните финансиски извештаи*

Оваа димензија оценува дали годишните финансиски извештаи содржат анализа која обезбедува споредба на реализацијата со првично одобрениот буџет. Тие треба да бидат поткрепени со целосни информации за приходите, расходите, средствата,обврските, гаранциите и долгорочните обврски.

Согласно Закон за финансирање на ЕЛС[12], Советот на општината усвојува годишен извештај кој ги содржи следните податоци:

-Годишната сметка;

-Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;

[11] https://www.delcevo.gov.mk/budzet

[12] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/Zakon-za-finansiranje-na-ELS br.61-04.pdf

-Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности; и

-Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

Годишната сметка, која е составен дел од годишниот извештај ги содржи сите елементи што го содржи консолидираниот буџет на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи.

За оценка на оваа димензија беа разгледани Одлуката за завршната сметка на буџетот на Општина Делчево за 2022 година донесена од страна на Советот на општината на 21-ва седница одржана на 13 март 2023 година.

Дополнителни извештаи кои беа разгледани со завршната сметка се Годишниот финансиски извештај на општината за 2022 со податоци за планиран и реализиран износ на буџетските расходи и приходи, Годишен извештај за буџетска резерва и Годишен извештај за блок дотации.

Од приложената документација констатирано е дека Годишниот финансиски извештај содржи целосни информации за приходите и расходите расчленети по економска и програмска класификација и готовинските салда, но податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет на општината.

Согласно Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници[13], општината е должна завршните сметки да ги достават до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари наредната година и да ги објави на својата веб страница.

За ова мерење беа разгледани пропратните писма за достава на завршните сметки на надлежните институции (Централен регистар, Државен завод за ревизија и Управа за јавни приходи) и беше констатирано дека истите се доставени во законски утврдениот рок.

[13] *Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15,170/17 и 122/21*

Општина Делчево завршните сметки ги објавува на својата веб страница.[14]

**Општина Делчево подготвува Годишен финансиски извештај кој содржи податоци за приходите, расходите и готовинските салда, но поради тоа што податоците се споредуваат со последно усвоениот буџет, а не со првично одобрениот буџет, оттаму оценката за оваа димензија е B.**

| Индикатор/Димензија | Оценка |
|---|---|
| **PI-29. Годишни финансиски извештаи M1 (WL)** | **B** |
| 29.1 **Целосност на годишните финансиски извештаи** | B |

[14] https://www.delcevo.gov.mk/budzet

## Анекс 1: Временска рамка за спроведување на акциски план на мерки за подобрување

| **Мерка за подобрување** | **Временска рамка** | **Одговорен субјект** |
|---|---|---|
| Планирањето на буџетските ставки по програми и вид на приход и расход да биде врз основа на реални проценки, односно да не се планираат ставки во буџетот кои нема да бидат реализирани. | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Да се прави редовно порамнување со доверителите на годишно ниво, односно на крајот на годината да се доставуваат ИОС-Износ на отворени ставки до сите доверители | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| При подготовка на буџетот да се подготвуваат и буџети за наредните 2 години со среднорочни проценки, со помош на алатката за повеќегодишно буџетирање понудена од Проектот на УСАИД. | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Да се води евиденција на даночните долгови (данок на имот, промет и наследство и подарок) по датум на доспевање и да се воведе пракса за присилна наплата на даночните долгови | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Да се заокружи процесот на ажурирање на базата на податоци за данок на имот и проценка на вредноста на имотот поддржан од Проектот на УСАИД | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Кварталните извештаи К1 да се подготвуваат со писмено образложение во кое ќе се прави споредба на реализираните приходи и расходи и со првично планираните износи во буџетот, а не само со последно важечкиот буџет | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Реализираните приходи и расходи да се споредуваат и со првично планираните износи во буџетот, а не само со последно важечкиот буџет | 1 година | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |
| Да се спроведе попис на имот, земјиште и објекти во општината. Регистарот треба да содржи податоци со опис на објектот, адреса, број на имотен лист, број на катастарска парцела, површина и правен основ за стекнување на имотот и да се објави на општинската веб страница. | 3 години | Градоначалник |
| Општината да подготви интерна Процедура согласно ISO стандардите за пренос и оттуѓување на средства, во која ќе биде опишана постапката за пренос и оттуѓување на средства. | 3 години | Градоначалник/Сектор за финансиски прашања |

# Анекс 2: Пресметки за PI-1, PI-2 и PI-3

| Табела 2-Расходи според надлежности/програми (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2020** | | | | | |
| Надлежност/Програма | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **A**-Совет на општината | 3.315.000 | 1.313.744 | 2.464.849 | -1.151.105 | 1.151.105 | 47% |
| **D**-Градоначалник | 4.919.000 | 3.927.175 | 3.657.494 | 269.681 | 269.681 | 7% |
| **E**-Општинска администрација | 25.277.000 | 27.172.244 | 18.794.569 | 8.377.675 | 8.377.675 | 45% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 700.000 | 360.729 | 520.481 | -159.752 | 159.752 | 31% |
| **G**-Локален економски развој | 6.348.000 | 5.960.341 | 4.720.019 | 1.240.322 | 1.240.322 | 26% |
| **J**-Комунални активности | 111.806.000 | 58.337.450 | 83.132.712 | -24.795.262 | 24.795.262 | 30% |
| **K**-Култура | 6.714.000 | 5.188.903 | 4.992.156 | 196.747 | 196.747 | 4% |
| **L**-Спорт и рекреација | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **M**-Развојни програми | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **N**-Образование | 140.535.111 | 128.574.866 | 104.494.078 | 24.080.788 | 24.080.788 | 23% |
| **R**-Заштита на животната средина и | 593.000 | 61.371 | 440.922 | -379.551 | 379.551 | 86% |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | 38.541.000 | 24.440.375 | 28.656.940 | -4.216.565 | 4.216.565 | 15% |
| **NJ**-Противпожарна заштита | 14.805.000 | 7.742.234 | 11.008.173 | -3.265.939 | 3.265.939 | 30% |
| **LJ**-Заштита и спасување | 165.000 | 0 | 122.685 | -122.685 | 122.685 | 100% |
| **DZ**-Родова еднаквост | 100.000 | 0 | 74.354 | -74.354 | 74.354 | 100% |
| распределени расходи | 353.818.111 | 263.079.432 | 263.079.432 | 0 | 68.330.426 | |
| камати | 170.000 | 20.568 | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 80.000 | 40.000 | | | | |
| вкупен расход | 354.068.111 | 263.140.000 | | | | |
| вкупна реализација на расходите (PI-1) | | | | | | 74% |
| отстапување во составот на реализацијата на расходите (PI-2) | | | | | | 26% |
| уделот на непредвидени расходи во буџетот | | | | | | 0% |

| Табела 3- Расходи според надлежности/програми (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2021** | | | | | |
| Надлежност/Програма | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **A**-Совет на општината | 3.063.000 | 2.723.490 | 2.827.026 | -103.536 | 103.536 | 4% |
| **D**-Градоначалник | 4.881.000 | 4.149.381 | 4.504.967 | -355.586 | 355.586 | 8% |
| **E**-Општинска администрација | 30.335.000 | 28.754.386 | 27.997.988 | 756.398 | 756.398 | 3% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 350.000 | 161.077 | 323.036 | -161.959 | 161.959 | 50% |
| **G**-Локален економски развој | 6.736.000 | 6.405.318 | 6.217.058 | 188.260 | 188.260 | 3% |
| **J**-Комунални активности | 78.568.456 | 58.588.193 | 72.515.532 | -13.927.339 | 13.927.339 | 19% |
| **K**-Култура | 5.658.800 | 6.021.790 | 5.222.845 | 798.945 | 798.945 | 15% |
| **L**-Спорт и рекреација | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **M**-Развојни програми | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **N**-Образование | 133.176.000 | 133.590.528 | 122.916.103 | 10.674.425 | 10.674.425 | 9% |
| **R**-Заштита на животната средина и | 600.000 | 550.000 | 553.776 | -3.776 | 3.776 | 1% |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | 29.552.600 | 28.148.837 | 27.275.864 | 872.973 | 872.973 | 3% |
| **NJ**-Противпожарна заштита | 16.783.000 | 16.981.970 | 15.490.035 | 1.491.935 | 1.491.935 | 10% |
| **LJ**-Заштита и спасување | 150.000 | | 138.444 | -138.444 | 138.444 | 100% |
| **DZ**-Родова еднаквост | 100.000 | | 92.296 | -92.296 | 92.296 | 100% |
| распределени расходи | 309.953.856 | 286.074.970 | 286.074.970 | 0 | 29.565.872 | |
| камати | 40.000 | 31.894 | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 50.000 | | | | | |
| вкупен расход | 310.043.856 | 286.106.864 | | | | |
| вкупна реализација на расходите (PI-1) | | | | | | 92% |
| отстапување во составот на реализацијата на расходите (PI-2) | | | | | | 10% |
| уделот на непредвидени расходи во буџетот | | | | | | 0% |

| Табела 4-Расходи според надлежности/програми (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | 2022 | | | | | |
| Надлежност/Програма | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **A**-Совет на општината | 3.058.000 | 2.455.313 | 2.955.480 | -500.167 | 500.167 | 17% |
| **D**-Градоначалник | 4.527.000 | 3.519.356 | 4.375.231 | -855.875 | 855.875 | 20% |
| **E**-Општинска администрација | 32.424.000 | 33.479.447 | 31.336.976 | 2.142.471 | 2.142.471 | 7% |
| **F**-Урбанистичко планирање | 500.000 | 205.476 | 483.237 | -277.761 | 277.761 | 57% |
| **G**-Локален економски развој | 5.228.400 | 5.975.400 | 5.053.116 | 922.284 | 922.284 | 18% |
| **J**-Комунални активности | 53.969.000 | 40.441.041 | 52.159.673 | -11.718.632 | 11.718.632 | 22% |
| **K**-Култура | 6.039.800 | 6.939.227 | 5.837.314 | 1.101.913 | 1.101.913 | 19% |
| **L**-Спорт и рекреација | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **M**-Развојни програми | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **N**-Образование | 136.264.400 | 142.761.492 | 131.696.096 | 11.065.396 | 11.065.396 | 8% |
| **R**-Заштита на животната средина и | 500.000 | 488.442 | 483.237 | 5.205 | 5.205 | 1% |
| **T**-Унапредување на здравствената грижа | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **V**-Социјална заштита и заштита на децата | 31.190.778 | 27.287.970 | 30.145.098 | -2.857.128 | 2.857.128 | 9% |
| **NJ**-Противпожарна заштита | 9.857.000 | 10.740.455 | 9.526.541 | 1.213.914 | 1.213.914 | 13% |
| **LJ**-Заштита и спасување | 150.000 | | 144.971 | -144.971 | 144.971 | 100% |
| **DZ**-Родова еднаквост | 100.000 | | 96.647 | -96.647 | 96.647 | 100% |
| распределени расходи | 283.808.378 | 274.293.619 | 274.293.619 | 0 | 32.902.364 | |
| камати | 112.000 | 74.119 | | | | |
| непредвидени трошоци (резерви и недефинирани трошоци) | 50.000 | | | | | |
| вкупен расход | 283.970.378 | 274.367.738 | | | | |
| вкупна реализација на расходите (PI-1) | | | | | | 97% |
| отстапување во составот на реализацијата на расходите (PI-2) | | | | | | 12% |
| уделот на непредвидени расходи во буџетот | | | | | | 0% |

| Табела 5 - Матрица на резултати (PI-1.1, PI-2.1.PI-2.3) | | | |
|---|---|---|---|
| година | **за PI-1.1** | **за PI-2.1** | **за PI-2.3** |
| | реализација на вкупни расходи | отстапување на составот на расходите | уделот на непредвидени трошоци во буџетот |
| 2020 | 74% | 26% | 0% |
| 2021 | 92% | 10% | |
| 2022 | 97% | 12% | |

## Пресметки за отстапување во составот на расходите според економска класификација PI-2.2

| Табела 2-Расходи според економска класификација (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | 2020 | | | | | |
| Економска класификација | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 164.757.000 | 159.621.438 | 128.461.565 | 31.159.873 | 31.159.873 | 24% |
| Добра и услуги | 51.904.000 | 38.399.849 | 40.469.716 | -2.069.867 | 2.069.867 | 5% |
| Капитални расходи | 114.304.000 | 60.463.593 | 89.123.198 | -28.659.605 | 28.659.605 | 32% |
| Камата | 170.000 | 20.568 | 132.550 | -111.982 | 111.982 | 84% |
| Субвенции | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Трансфери | 3.125.000 | 1.970.326 | 2.436.573 | -466.247 | 466.247 | 19% |
| Социјални бенефиции | 800.000 | 771.590 | 623.763 | 147.827 | 147.827 | 24% |
| Други трошоци | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен расход** | 335.060.000 | 261.247.364 | 261.247.364 | 0 | 62.615.401 | |
| отстапување во составот на вкупните расхо | | | | | | 24% |

| Табела 3-Расходи според економска класификација (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2021** | | | | | |
| Економска класификација | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 171.450.427 | 170.276.090 | 157.214.434 | 13.061.656 | 13.061.656 | 8% |
| Добра и услуги | 49.790.000 | 46.025.310 | 45.655.802 | 369.508 | 369.508 | 1% |
| Капитални расходи | 83.156.429 | 61.656.094 | 76.251.726 | -14.595.632 | 14.595.632 | 19% |
| Камата | 40.000 | 31.894 | 36.679 | -4.785 | 4.785 | 13% |
| Субвенции | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Трансфери | 4.757.000 | 5.336.508 | 4.362.013 | 974.495 | 974.495 | 22% |
| Социјални бенефиции | 800.000 | 928.332 | 733.574 | 194.758 | 194.758 | 27% |
| Други трошоци | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен расход** | 309.993.856 | 284.254.228 | 284.254.228 | 0 | 29.200.833 | |
| отстапување во составот на вкупните расхо | | | | | | 10% |

| Табела 4-Расходи според економска класификација (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2022** | | | | | |
| Економска класификација | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| Плати и бенефиции | 178.782.300 | 179.577.289 | 172.767.082 | 6.810.207 | 6.810.207 | 4% |
| Добра и услуги | 46.710.798 | 49.816.832 | 45.139.190 | 4.677.642 | 4.677.642 | 10% |
| Капитални расходи | 51.594.000 | 39.474.584 | 49.858.095 | -10.383.511 | 10.383.511 | 21% |
| Камата | 112.000 | 74.119 | 108.232 | -34.113 | 34.113 | 32% |
| Субвенции | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Трансфери | 5.771.280 | 4.554.756 | 5.577.102 | -1.022.346 | 1.022.346 | 18% |
| Социјални бенефиции | 950.000 | 870.158 | 918.037 | -47.879 | 47.879 | 5% |
| Други трошоци | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен расход** | 283.920.378 | 274.367.738 | 274.367.738 | 0 | 22.975.697 | |
| отстапување во составот на вкупните расхо | | | | | | 8% |

| **Табела 5 - Матрица на резултати за PI-2.2** | |
|---|---|
| година | отстапување на составот на вкупните расходи |
| 2020 | 24% |
| 2021 | 10% |
| 2022 | 8% |

# Пресметки за реализација на приходи PI-3.1 и PI-3.2

| Табела 2- Приходи според економска класификација (КОНСОЛИДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2020** | | | | | |
| Економска класификација | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 2.300.000 | 2.804.313 | 1.839.726 | 964.587 | 964.587 | 52% |
| Даноци на имот | 12.802.000 | 13.461.324 | 10.240.076 | 3.221.248 | 3.221.248 | 31% |
| Даноци на специфични услуги | 20.211.000 | 18.224.493 | 16.166.395 | 2.058.098 | 2.058.098 | 13% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 590.000 | 661.872 | 471.930 | 189.942 | 189.942 | 40% |
| Други даноци | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 16.702.000 | 5.697.117 | 13.359.612 | -7.662.495 | 7.662.495 | 57% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Донации од странство | 17.310.000 | 5.589.272 | 13.845.940 | -8.256.668 | 8.256.668 | 60% |
| Трансфери од други нивоа на власт | 210.660.889 | 177.000.123 | 168.503.640 | 8.496.483 | 8.496.483 | 5% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 4.355.000 | 4.472.287 | 3.483.482 | 988.805 | 988.805 | 28% |
| Продажба на хартии од вредност | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен приход** | 284.930.889 | 227.910.801 | 227.910.801 | 0 | 31.838.326 | |
| отстапување на вкупни приходи | | | | | | 80% |
| отстапување во составот на приходите | | | | | | 14% |

| Табела 3- Приходи според економска класификација (КОНСОЛИДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2021** | | | | | |
| Економска област | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 3.110.000 | 2.387.779 | 2.690.343 | -302.564 | 302.564 | 11% |
| Даноци на имот | 14.520.000 | 18.369.356 | 12.560.703 | 5.808.653 | 5.808.653 | 46% |
| Даноци на специфични услуги | 20.670.000 | 17.725.593 | 17.880.836 | -155.243 | 155.243 | 1% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 725.000 | 891.503 | 627.170 | 264.333 | 264.333 | 42% |
| Други даноци | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 12.773.000 | 7.296.739 | 11.049.439 | -3.752.700 | 3.752.700 | 34% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | 350.000 | 795.593 | 302.772 | 492.821 | 492.821 | 163% |
| Донации од странство | 8.357.000 | 8.640.823 | 7.229.325 | 1.411.498 | 1.411.498 | 20% |
| Трансфери од други нивоа на власт | 226.365.400 | 193.394.860 | 195.820.151 | -2.425.291 | 2.425.291 | 1% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 4.905.000 | 2.901.623 | 4.243.130 | -1.341.507 | 1.341.507 | 32% |
| Продажба на хартии од вредност | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен приход** | 291.775.400 | 252.403.869 | 252.403.869 | 0 | 15.954.610 | |
| отстапување на вкупни приходи | | | | | | 87% |
| отстапување во составот на приходите | | | | | | 6% |

| Табела 4- Приходи според економска класификација (КОНСОЛОДИРАН БУЏЕТ) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Податоци за година =** | **2022** | | | | | |
| Економска област | **буџет (почетен буџет)** | **реализација** | прилагоден буџет | отстапување | апсолутно отстапување | процент |
| **Даночни приходи** | | | | | | |
| Даноци на доход, добивка и капитални добивки | 3.000.000 | 2.969.407 | 2.966.931 | 2.476 | 2.476 | 0% |
| Даноци на имот | 20.010.000 | 16.941.907 | 19.789.430 | -2.847.523 | 2.847.523 | 14% |
| Даноци на специфични услуги | 19.613.000 | 14.826.282 | 19.396.806 | -4.570.524 | 4.570.524 | 24% |
| Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1.430.000 | 82.969 | 1.414.237 | -1.331.268 | 1.331.268 | 94% |
| Други даноци | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Неданочни приходи** | | | | | | |
| Неданочни приходи | 10.308.000 | 9.504.139 | 10.194.375 | -690.236 | 690.236 | 7% |
| **Трансфери и донации** | | | | | | |
| Капитални и тековни донации | 1.000.000 | 417.942 | 988.977 | -571.035 | 571.035 | 58% |
| Донации од странство | 3.737.800 | 3.574.587 | 3.696.598 | -122.011 | 122.011 | 3% |
| Трансфери од други нивоа на власт | 208.202.800 | 216.189.590 | 205.907.782 | 10.281.808 | 10.281.808 | 5% |
| **Други приходи** | | | | | | |
| Приходи од продажба на капитални средства | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 5.550.000 | 5.337.136 | 5.488.822 | -151.686 | 151.686 | 3% |
| Продажба на хартии од вредност | | | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупен приход** | 272.851.600 | 269.843.959 | 269.843.959 | 0 | 20.568.568 | |
| отстапување на вкупни приходи | | | | | | 99% |
| отстапување во составот на приходите | | | | | | 8% |

| **Табела 5 - Матрица на резултати** | | |
|---|---|---|
| година | **за PI-3.1** | **за PI-3.2** |
| | отстапување на вкупни приходи | отстапување во составот на приходите |
| 2020 | 80% | 14% |
| 2021 | 87% | 6% |
| 2022 | 99% | 8% |

## Анекс 3: Вработени лица од општината кои учествуваа во процесот на самопроценка

| **Р.бр** | **Сектор/Одделение** | **Лице** | **Позиција** | **Е-пошта** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одделение за финансиски прашања | Анка Христова | Раководител | anehristova@yahoo.com |
| 2 | Одделение за финансиски прашања | Ана Ситновска-Димитровска | Советник-Одговорен сметководител | anasitnovska@gmail.com |
| 3 | Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината | Никола Тренчевски | Помлад соработник за евиденција на имотот | trencevskin@yahoo.com |
| 4 | Одделение за внатрешна ревизија | Катерина Трајановска | Помлад соработник-внатрешен ревизор на обука | katetrajanovska@abv.bg |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на општината | Стефанија Стојчевска | Советник за администрирање на постапките за јавни набавки | g_stefanija@yahoo.com |

## Анекс 4: Извори на информации користени за извлекување на докази за оценување на секој од индикаторите

| **Индикатор/Димезија** | **Извори на податоци** |
|---|---|
| **1. Вкупна реализација на расходите** | Првични одобрени буџети за 2020, 2021, 2022.<br>Завршни сметки за 2020, 2021, 2022 |
| **2. Реализација на составот на расходи** | |
| 2.1 Реализација на составот на расходи според главна функција или сектор | Првични одобрени буџети за 2020, 2021, 2022.<br>Завршни сметки за 2020, 2021, 2022 |
| 2.2 Реализација на составот на расходите според економски вид | |
| 2.3 Расход од резервите за непредвидени ситуации (буџетски резерви) | |
| **3. Реализација на приходи** | |
| 3.1 Реализација на вкупни приходи од сопствени извори | Првични одобрени буџети за 2020, 2021, 2022.<br>Завршни сметки за 2020, 2021, 2022 |
| 3.2 Реализација на составот на приходи од сопствени извори | |
| **5. Буџетска документација** | Годишен буџет за 2022 |
| **12. Управување со јавни средства** | |
| 12.2 Следење на основни средства и имоти (нефинансиско средство) | Воспоставена пракса во општината |
| 12.3 Транспарентност на отуѓувањето на средствата | |
| **13. Управување со долгот** | |
| 13.1 Евидентирање, известување и управување со долг и гаранции | ЕСПЕО од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 година |
| **14. Макроекономско и фискално предвидување** | |

| | |
|---|---|
| 14.3 Среднорочни буџетски проценки на приходи и расходи | Воспоставена пракса во општината |
| **17.Процес за подготовка на буџет** | |
| 17.1 Буџетски календар (управување со процесот за подготовка на буџет) | Буџетски календар за 2022 |
| **19. Даночна администрација** | |
| 19.2 Регистар на данок на имот и проценка на вредноста | Регистар на данок на имот |
| 19.4 Следење на даночните долгови (данок на имот, промет,наследство и подарок) | Даночни и сметководствени картици за обврзниците на локалните даноци и такси за 2022 година |
| **20. Сметководствено евидентирање за приходи** | |
| 20.1 Информации за наплати на приходи | Извештај од трезор (e-trezor.finance.gov.mk/) за реализирани приходи за 2022 година |
| **23. Контроли на платен список** | |
| 23.2 Управување со промените на платниот список | Воспоставена пракса во општината |
| **24. Набавки** | |
| 24.1 Спроведување и следење на набавки | https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/05/ZJN_Sluzben-vesnik_24-2018-od-01.02.2019.pdf |
| 24.2 Методи на набавки | https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/evidences/2 |
| 24.4 Управување и транспарентност на жалби по јавни набавки | https://dkzjn.mk/ |
| **28. Извештаи за буџетот во рамки на годината** | |
| 28.1 Покриеност и споредливост на извештаите | https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/K1-4-kvartal-so-programi.pdf |
| 28.2 Време и точност на извештаите за буџетот во рамки на годината | |
| **29. Годишни финансиски извештаи** | |

| | |
|---|---|
| 29.1 Целосност на годишните финансиски извештаи | https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Zavrsna-smetka-2022-g..pdf |

## Анекс 5: Табела за конверзија на оценките за индикаторот со примена на методот на просек М2 (AV)

| **Резултати за димензиите** | | | **Вкупен резултат М2 (AV)** |
|---|---|---|---|
| **Индикатори со 2 димензии** | | | |
| | D | D | **D** |
| | D | C | **D+** |
| | D | B | **C** |
| | D | A | **C+** |
| | C | C | **C** |
| | C | B | **C+** |
| | C | A | **B** |
| | B | B | **B** |
| | B | A | **B+** |
| | A | A | **A** |
| **Индикатори со 3 димензии** | | | |
| D | D | D | **D** |
| D | D | C | **D+** |
| D | D | B | **D+** |
| D | D | A | **C** |
| D | C | C | **D+** |
| D | C | B | **C** |
| D | C | A | **C+** |
| D | B | B | **C+** |
| D | B | A | **B** |
| D | A | A | **B** |
| C | C | C | **C** |
| C | C | B | **C+** |
| C | C | A | **B** |
| C | B | B | **B** |
| C | B | A | **B** |
| C | A | A | **B+** |
| B | B | B | **B** |
| B | B | A | **B+** |
| B | A | A | **A** |
| A | A | A | **A** |

Забелешка: Оценките за димензијата може се пресметаат по кој било редослед. За собирањето се важни само износите на секоја оценка. Последната колона од десно се однесува на просекот.

| **Резултати за димензиите** | | | | **Вкупен резултат М2 (AV)** |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатори со 4 димензии** | | | | |
| D | D | D | D | **D** |
| D | D | D | C | **D** |
| D | D | D | B | **D+** |
| D | D | D | A | **D+** |
| D | D | C | C | **D+** |
| D | D | C | B | **D+** |
| D | D | C | A | **C** |
| D | D | B | B | **C** |
| D | D | B | A | **C+** |
| D | D | A | A | **C+** |
| D | C | C | C | **D+** |
| D | C | C | B | **C** |
| D | C | C | A | **C+** |
| D | C | B | B | **C+** |
| D | C | B | A | **C+** |
| D | C | A | A | **B** |
| D | B | B | B | **C+** |
| D | B | B | A | **B** |
| D | B | A | A | **B** |
| D | A | A | A | **B+** |
| C | C | C | C | **C** |
| C | C | C | B | **C+** |
| C | C | C | A | **C+** |
| C | C | B | B | **C+** |
| C | C | B | A | **B** |
| C | C | A | A | **B** |
| C | B | B | B | **B** |
| C | B | B | A | **B** |
| C | B | A | A | **B+** |
| C | A | A | A | **B+** |
| B | B | B | B | **B** |
| B | B | B | A | **B+** |
| B | B | A | A | **B+** |
| B | A | A | A | **A** |
| A | A | A | A | **A** |